„Примерот на верниците, во нивната меѓусебна грижа, милосрдие и сочувство, се како примерот на едно тело. Кога ќе се разболи еден дел од телото, сите останати делови реагираат со несоница и треска.“

Од Нуман бин Бешир, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: „Примерот на верниците, во нивната меѓусебна грижа, милосрдие и сочувство, се како примерот на едно тело. Кога ќе се разболи еден дел од телото, сите останати делови реагираат со несоница и треска.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни појаснува дека состојбата меѓу муслиманите мора да биде таква да си посакуваат добро, да се сакаат и да се помагаат. Ако некој е повреден, сите сочувствуваат со него. Муслиманите се како едно тело, ако некој дел од телото се разболи, остатокот од телото го чувствува тоа преку несоница и грозница.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4969

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee